Врз основа на член 18 став 1 алинеја 3 и член 20 став 1 алинеја 10[1] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20, 77/21 и 154/23), а во врска со член 41 став 6 од истиот Закон, член 15 став 1 алинеја 3 и член 39 став 1 алинеја 10 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, одлучувајќи по Известувањето за промена на сопственичка структура на Трговското радиодифузно друштво РАДИО РЕД ФМ ДООЕЛ Тетово, бр.9/1 од 04.09.2023 г. (Уп1 бр.02-306 од 06.09.2023 година), согласно Заклучокот на Советот арх.бр.02-3506/4 од 25.09.2023 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 30-та седница одржана на 22.09.2023 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

1. СЕ ДОЗВОЛУВА промена во сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво РАДИО РЕД ФМ ДООЕЛ Тетово, и тоа:

- за истапување на физичкото лице [redacted], со ЕМБГ [redacted] и адреса на ул.„[redacted]“ бр.[redacted], [redacted], и

- за пристапување на физичкото лице, [redacted], со ЕМБГ [redacted] и адреса на ул.„[redacted]“ бр.[redacted], [redacted].

2. Се задолжува Трговското радиодифузно друштво РАДИО РЕД ФМ ДООЕЛ Тетово, по извршената промена наведена во точка 1 на оваа Одлука, до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да достави актуелна тековна состојба издадена од Централен регистар на Република Северна Македонија.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

Трговското радиодифузно друштво (ТРД) РАДИО РЕД ФМ ДООЕЛ Тетово, согласно член 41 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ) и Правилникот за формата и содржината на известувањето за промена на сопственичката структура („Службен весник на Република Македонија“ бр.171/14), со Известување за промена на сопственичка структура бр.9/1 од 04.09.2023 г. (Уп1 бр.02-306 од 06.09.2023 г.), ја извести Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) за неговата намера да спроведе промена на сопственичката структура на ТРД РАДИО РЕД ФМ ДООЕЛ Тетово.

Доставеното Известување за промена на сопственичка структура бр.9/1 од 04.09.2023 г. (Уп1 бр.02-306 од 06.09.2023 г.), од страна на ТРД РАДИО РЕД ФМ ДООЕЛ Тетово, се утврди дека е комплетно и уредно, односно ги содржи сите податоци и документи утврдени во Правилникот за формата и содржината на известувањето за промена на сопственичка структура.

Агенцијата со цел да испита дали со предложените промени на сопственичката структура на ТРД РАДИО РЕД ФМ ДООЕЛ Тетово би се создала недозволена медиумска концентрација, односно дали тие се спротивни на забраните од членовите 34, 35 став 2 или 38 од ЗАВМУ, преку интернет Дистрибутивниот систем на Централниот регистар на Република Северна Македонија (РСМ), обезбеди документ „Информација за поврзани субјекти (овластени лица, органи на управување, сопственици во други субјекти) – Тековна

[1]Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија” бр.248/18).

состојба“, бр.0820-50/150020230232332 од 11.09.2023 г., од кој е видно дека лицето [redacted] не се јавува како основач или управител на трговски друштва.

Дополнително, Агенцијата изврши проверка и во Регистарот на вистински сопственици кој го води Централниот регистар на РСМ, од каде го обезбеди документот „Тековна состојба за физичко лице - вистински сопственик“, бр.2007-50/150020230233295 од 12.09.2023 г., за лицето [redacted], со кој е потврдено дека ова лице не се јавува како вистински сопственик на трговски друштва.

По извршената промена на сопственичка структура, единствен сопственик на ТРД РАДИО РЕД ФМ ДООЕЛ Тетово ќе биде физичкото лице [redacted], со ЕМБГ [redacted] и адреса на ул.„[redacted]“ бр.[redacted], [redacted], со учество во основната главнина од 100%.

Со оглед дека Агенцијата констатираше дека со спроведувањето на промената на сопственичката структура на ТРД РАДИО РЕД ФМ ДООЕЛ Тетово не се создава недозволена медиумска концентрација во смисла на ЗАВМУ, односно дека оваа промена не е спротивна на забраната од членовите 34, 35 став 2 и 38 од истиот Закон, по поднесеното Известување за промена на сопственичката структура бр.9/1 од 04.09.2023 г. (Уп1 бр.02-306 од 06.09.2023 г.), Советот на Агенцијата, донесе одлука како во диспозитивот.

**Бр.02-306**
**25.09.2023 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**
**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ, с.р.**

**Правна поука**: Против оваа одлука радиодифузерот, доколку не е задоволен од истата, има право во рок од 30 дена од денот на доставувањето на одлуката да поднесе тужба за поведување на управен спор до надлежниот суд.